ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-124/1
29.03 2022 год.

ИСТОЧЕН РЕГИОН
СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке 119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/21 и 174/21) и член 2 став 1 алинеа 9 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион бр.02-206/1 од 29.06.2021 година, а во врска со член 28 став 1 алинеа 6, член 30 став 1 алинеа 6 и член 65 став 5 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/21 и 174/21), член 4 став 1 алинеа 8 и член 7 став 1 алинеа 6 од Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион (од 2008 година и од 2021 година), Советот за развој на Источен плански регион на IV-тата Седница одржана на ден 29.03.2022 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2021 година

член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2021 година.

член 2

Во Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2021 година, се вршат следниве измени:

Мерка	Проект	Измени
1.3.3.	За чиста општина Пехчево 2021	Проектот се додава во наративниот дел во мерка 1.3.3., како втора алинеа
1.4.1.	Подготовка и усвојување на Детален Урбанистички План за блок 18 во Виница	Проектот се додава во табеларниот приказ Б., во мерка 1.4.1., со следниве податоци: - Финансиски извор: општина Виница - Корисник: Жители на општина Виница, - Индикатори: 25 ха
	Легализација на куќи на ранливи категории во Виница	Проектот се додава во табеларниот приказ Б., во мерка 1.4.1., со следниве податоци: - Финансиски извор: Делегација на Европска Унија во Македонија, во рамките на инструментот за претпристапна помош (IPA II) за грантовата шема за Поддршка на Социјалната инклузија на Ромите - Партнери во имплементацијата: CELIM (Centro Laici Italiani per le Missioni) Ромски Ресурсен Центар (РРЦ) - Индикатори: легализирани 55 куќи во ромско маало
	Основен проект за зафат за постојано водоснабдување во село Мородвис, општина Зрновци	Проектот се брише од наративниот дел и табеларниот приказ Б., од мерка 1.4.1.
	Основен проект за прочистителна станица за отпадни води во село Видовиште, општина Зрновци	Проектот се брише од наративниот дел и табеларниот приказ Б., од мерка 1.4.1.

	Зафат за акомулирање на вода во село Мородвис, општина Зрновци	Проектот се брише од наративниот дел и табеларниот приказ Б., од мерка 1.4.1
	Изградба на резервоар за вода во село Зрновци, општина Зрновци	Проектот се брише од наративниот дел и табеларниот приказ Б., од мерка 1.4.1
	Основен проект за изградба на капела во општина Зрновци	Проектот се брише од наративниот дел и табеларниот приказ Б., од мерка 1.4.1
1.4.2.	Подготовка и усвојување на Детален Урбанистички План за блок 18 во Виница	Проектот се брише од наративниот дел и табеларниот приказ Б., од мерка 1.4.2.
	Легализација на куќи на ранливи категории во Виница	Проектот се брише од наративниот дел и табеларниот приказ Б., од мерка 1.4.2.
	Реконструкција на дел од ул.Кирил и Методиј во Виница	Се брише дуплирањето на проектот во наративниот дел и во табеларниот приказ Б., во мерка 1.4.2.
	Реконструкција на улица во с.Градец – општина Виница	Се брише дуплирањето на проектот во наративниот дел и во табеларниот приказ Б., во мерка 1.4.2.
1.4.3.	Поплочување на улици и тротоари во градот и населените места во општина Виница	Се брише дуплирањето на проектот во табеларниот приказ Б., во мерка 1.4.3.
	Поплочување на улици и тротоари во градот и населените места во ИПР	Проектот се брише од наративниот дел од мерка 1.4.3.
2.1.1.	Поддршка на Социјално претприемништво	Проектот се додава во наративниот дел во мерка 2.1.1, како последна алинеа
2.2.3.	Поставување на вариолајт завеси, ОУ Гоце Делчев Виница	Проектот се додава во наративниот дел во мерка 2.2.3., како последна алинеа
2.2.9.	Инклузија на децата надвор од училиштата во образовниот систем	Проектот се брише од наративниот дел од мерка 2.2.9.
2.2.10.	Инклузија на децата надвор од училиштата во образовниот систем	Проектот се додава во наративниот дел под мерка 2.2.10
4.3.6.	Поставување на фотонапонски панели за проеизводство на ЕЕ на четири јавни објекти на територијата на ЛАГ Плачковица	Проектот се додава во наративниот дел под мерка 4.3.6.

член 2

Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2021 година е составен дел на оваа Одлука.

член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател,
Иван Јорданов

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * Штип *